# ПОСЕТА НА СТРУМИЦА И ОКОЛИНАТА

Поаѓање кон Струмица во утринските часови. Пристигнување во Струмица и слободно време за разглед на градот. Одлична можност да се види автентичната копија на чудотворната икона на Пресвета Богородица ″Брзопопослушничка″ во манастирот ″Св. Петнаесет Тивериополски свештеномаченици″, која е подарок од светогорскиот манастир ″Свети Дохијар″ и игуменот Григориј.Можност за организирање на факултативен ручек.

Се продолжува кон комплексот цркви ″Св. Леонтиј″ познат и како Водочки манастир кој се наоѓа во близина на Струмица, во селото Водоча.На локалитетот се сочувани три цркви (источна, западна и средна). Насликани во периодот од 1018 до 1037 година, фреските од Водоча се вбројуваат меѓу ремек делата на средновековната уметност во византиското сликарство воопшто. Со археолошките истражувања во манастирскиот комплекс се откриени преку 1000 гробови со накит и керамика од 15 до 19 век.

Недалеку од Струмица на бигорна карпа во селото Вељуса, во 1018 година монахот Мануил подигнал манастирска црква посветена на Света Богородица Милостива (Елеуса), која до ден денес ја зачувала оригиналната архитектура. Некогаш овој манастир бил машки, а во Водоча имало сестринство, додека денес е обратно.

Тргнување кон Скопје во попладневните часови.

| **ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ:** |
| --- |
| **550,00 ДЕНАРИ / АВТОБУС** |
| **750,00 ДЕНАРИ / МИНИБУС** |

Во цената на аранжманот е вклучено:

∗ Превоз на наведената релација со туристички автобус/минибус
∗ Организација и реализација на патувањето

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58 м: ++ 389 75 46 99 58; ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com www.apex4travel.mk
Лиценца А